

Поп-пејачката Викторија Лоба лани

ПОПУЛАРНОТО ШОУ ПО 15-ТИ ПАТ ВО ФЕВРУАРИ

# "Златна Бубамара" слави јубилеј

Академијата на манифестацијата "Златна Бубамара на популарноста", во текот на следните 30 дена ќе гласа за најпопуларните личности во културата, музиката, спортот, маркетингот и во медиумите во Македонија и во регионот. Победниците ќе ги дознаеме кон средината на февруари, на јубилејната 15-та по ред "Златна Бубамара на популарноста".

Од оваа година, новина е тоа што ќе се доделуваат и неколку бубамари за бизнис секторот, во категорија општествено одговорни компании.

Според многумина, во изминатите 15 години, "Златна Бубамара на популаноста", со својата традиција, професионалност и духовитост, успеа да се искачи на врвот, како најзначајна награда во поранешна Југославија и еден од најгледаните телевизиски термини.

"Очекувајте уште едно неповторливо издание кое ќе се прераскажува со деценији", велат од тимот на на "Бубамара", и најавуваат неколку хуманитарни акции. *(М.Џ.)*

## Најдоброто од "Филтер" на две компилации

Домашната издавачка етикета "Филтер" издава две компилации со најсветлите музички моменти годинава. Компилациите "Различни артисти - вол. 1 и 2" имаат по 10 песни и на нив се најдоа домашните артисти Харцел, Етерик Лупс, Трипнотик,



Трипнотик

Хаде, Коџабашија, Фолтин и Гоце Стевковски, како и светски познатите имиња: Акаша ЕфИкс, Конфиг, Абстракт Бата Фингаз, КигнСтешн.

За "Филтер" 2011 беше најуспешната година во нивното тригодишно постоење со над 20 изданија кои добија неверојатно внимание од светската музичка јавност, рецензии во познатите магазини. Двете компилации ќе бидат дистрибуирани преку сите најважни онлајн продавници, стриминг сервиси и мобилни оператори во светот. *(И.И.)*

